ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 8, а во согласност со член 48 став 1, член 50 и член 51 став 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на ден 2.4.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје

### Член 1

За независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 (четири) години се именува ___________________.

### Член 2

На именуваниот независен член на Надзорниот одбор му се определува награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор во согласност со донесена одлука од Собранието на акционери.

### Член 3

Управниот одбор на Банката поднесува пријава за упис на именуваниот независен член на Надзорниот одбор во Трговскиот регистар.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето претходна согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија.

**Собрание на акционери на Банката**

**Претседавач**

___________________

**О б р а з л о ж е н и е**

**кон Предлог - одлуката за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје**

Во согласност со член 48 став 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат 7 члена, избрани во постапка и услови во согласност со закон. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор мора да бидат независни членови.

Со Одлука на Собранието на акционери на Банката бр. 02-7381/1 од 3.11.2020 година, Арсен Јаневски беше именуван за независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 (четири) години.

Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија, со Решение бр. 15-7634/5 од 12 март 2021 година, издаде претходна согласност за именувањето на Арсен Јаневски за независен член на Надзорниот одбор на Банката, за период од 4 (четири) години, сметано од 18 март 2021 година.

Во согласност со член 88 став 6 од Законот за банки, исто лице не може да биде независен член на Надзорниот одбор во иста банка подолго од три последователни мандати.

Имајќи ја предвид оваа одредба од Законот за банки, како и фактот дека Арсен Јаневски ја извршува функцијата независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје почнувајќи од 2013 година, се предлага Собранието на акционери на Банката да донесе Одлука за именување нов независен член на Надзорниот одбор на Банката на местото на Арсен Јаневски за период од 4 (четири) години.

Исто така, во согласност со член 50 од Статутот на Банката, на членовите на Надзорниот одбор им припаѓа награда за ангажирање и учество во работата на седниците на Надзорниот одбор, во согласност со донесена одлука од Собранието на акционери, па се предлага истата награда да биде определена и за новоименуваниот член.

Заради сето погоре наведено се јавува потреба за донесување на предметната Одлука за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје.

**ТТК Банка АД Скопје**

**Надзорен одбор**

# **М И С Л Е Њ Е**

## **на Надзорниот одбор за именување независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје**

Во согласност со член 48 став 1 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат 7 члена, избрани во постапка и услови во согласност со закон. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор мора да бидат независни членови.

Со Одлука на Собранието на акционери на Банката бр. 02-7381/1 од 3.11.2020 година, Арсен Јаневски беше именуван за независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје за период од 4 (четири) години.

Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија, со Решение бр. 15-7634/5 од 12 март 2021 година, издаде претходна согласност за именувањето на Арсен Јаневски за независен член на Надзорниот одбор на Банката, за период од 4 (четири) години, сметано од 18 март 2021 година.

Во согласност со член 88 став 6 од Законот за банки, исто лице не може да биде независен член на Надзорниот одбор во иста банка подолго од три последователни мандати.

Имајќи ја предвид оваа одредба од Законот за банки, како и фактот дека Арсен Јаневски ја извршува функцијата независен член на Надзорниот одбор на ТТК Банка АД Скопје почнувајќи од 2013 година, се предлага Собранието на акционери на Банката да донесе Одлука за именување нов независен член на Надзорниот одбор на Банката на местото на Арсен Јаневски за период од 4 (четири) години.

Во согласност со член 388-б од Законот за трговските друштва, за точките каде што нема предлог-одлука за донесување, потребно е овластен орган или тело на Банката да даде мислење коешто ќе биде објавено на интернет-страницата на Банката.

Во согласност со член 390 од Законот за трговските друштва, предлог - одлуката за именување независен член на Надзорен одбор треба да се достави во рок од 8 дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на Собранието на акционери.

Во согласност со член 344 став 4 од Законот за трговските друштва, податоците на кандидатот за член на Надзорниот одбор треба да се доставаат до акционерите најдоцна 7 дена пред датумот на одржување на седницата на Собранието на акционери. Податоците ќе бидат објавени на официјалната интернет-страница на Банката www.ttk.com.mk.

Скопје, 27.2.2025 година НАДЗОРЕН ОДБОР